Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
**од Деведесет и шестата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 30 октомври 2022 година**

**Скопје, октомври 2022 година**

# З А П И С Н И К
## од Деведесет и шестатаседница на Владата на Република Македонија, одржана на 30 октомври 2022 година

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 13:10 часот.

Со седницата претседаваше, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата учествуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа,доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура,Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи и Славјанка Петровска, министер за одбрана.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Предлог - одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година.

- Кадровски прашања

- Прашања и предлози

- Барање на Тимоти Неокартес Шортс Втори, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

- Барање на Итан Мајкл Хап, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

- Барање на Мерит Рамона Хемпе, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија

*

*  *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

**1.**Владата ја разгледа Предлог-одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и ја донесе Одлуката со следнива заклучоци:

1) Во членот 2 да се додаде нов став во смисла потрошувачите на електрична енергија од категоријата јавно осветлување кои до 30.6.2021 година по сопствен избор се снабдувале со електрична енергија од снабдувач, а преминале кај универзалниот снабдувач, најдоцна до 1 јануари 2023 година да склучат договор за снабдување со електрична енергија со снабдувачи на електрична енергија.

2) Текстот на Одлуката редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**2.**Владата ја разгледа Предлог-одлуката за превземање на мерка при прогласена кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и ја донесе Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија (основни и средни јавни училишта) со заклучок текстот на истата

да се усогласи со Министерството за финансии и редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**3.**Владата ја разгледа Предлог-одлуката за превземање на мерка при прогласена кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и ја донесе Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија (за прехрамбена индустрија) со заклучок текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**4.**Владата ја разгледа Предлог-одлуката за преземање на мерка при прогласена кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија и ја донесе Одлуката за преземање на мерка во услови на постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија (ЈП од областа на водоснабдување, собирање и одведување на урбани отпадни води и прочистување на отпадни води кои работат со пумпни и/или пречистителни станици), со заклучок, текстот на истата да се усогласи со Министерството за финансии и редакциски со Секретаријатот за законодавство.

**<u>Точка 4</u>**

Владата го разгледа Барањето на Тимоти Неокартес Шортс Втори, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

**<u>Точка 5</u>**

Владата го разгледа Барањето на Итан Мајкл Хап, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

**<u>Точка 6</u>**

Владата го разгледа Барањето на Мерит Рамона Хемпе, за прием во државјанство на Република Северна Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Агенцијата за млади и спорт.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 14:15 часот.

**Генерален секретар на Владата**
**на Република Северна Македонија**
**м-р Методија Димовски**

**Претседател на Владата на Република**
**Северна Македонија**
**д-р Димитар Ковачевски**